**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**Заверка на зимски и запишување летен семестар 2020/2021**

- **ВТОР циклус - постдипломски студии -**

**Генерации 2013 – 2019**

Доставувањето на комплетните документи за заверка на зимскиот и запишувањето на летниот семестар во учебната 2020/2021 година ќе се врши во Читалната од 12:00 до 14:00 часот, во периодот од 07.2. до 13.2.2021 година. Во овој рок е отворено и задолжителното online пријавување кое се врши преку информацискиот систем на www.iKnow.ukim.edu.mk. По овој рок online пријавувањето ќе биде оневозможено.

НАПОМЕНА: Студентите кои електронски ќе се пријават, а нема да достават комплетни документи, ќе бидат избришани и од електронската евиденција и уписот ќе можат да го извршат со молба и надомест од 500,00 ден.

## ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

I. Потребни документи:

1. Индекс

2. Образец за заверување семестар А4 - пополнет со предметите што се слушале во зимскиот семестар. Празен семестар НЕ се заверува.

3. Образец за запишување семестар А3 со уплатница од 500,00 ден. на сметката на ФЕИТ (за празен семестар, по изминати 2 год. студии)

4. Интерен пријавен лист за запишување предмети (испечатен со print-screen од веќе направениот online избор)

5. Уплатници со реализирана уплата на рата на жиро-сметка на Факултетот.

II. Дополнителни информации за студентите

1. Студентите треба да имаат пријавена тема за магистерски труд.

2. Неположени предмети од летниот семестар се презапишуваат и се плаќаат по **25ЕУР** од кредит.

НАПОМЕНА: За задоцнета заверка и упис на семестар студентите плаќаат по 500,00 денари административен трошок на факултетската жиро с-ка.

Скопје, 1.2.2021 година

Одделение за студентски прашања при ФЕИТ